Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/25

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2020 година**

**Скопје, март 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 март 2020 година**

Седницата започна во 18:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на минисерот за внатрешни работи, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, прим. д-р Жарко Караџовски, специјалист епидемиолог и д-р Владимир Микиќ, специјалист епидемиолог.

Од седницата отсуствуваа замeникот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Хусни Исмаили, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

- Информација за извршени инспекциски надзори, за 21.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

1. Записник од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година

2. Предлог од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на нови дополнителни рестриктивни мерки и активности за справување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

3. Предлог-решенија за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда/одлука (вкупно 9 моторни возила), со предлог-одлуки за давање согласност на решенија

4. Предлог-решенија за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда/одлука (вкупно 8 моторни возила), со Предлог-одлуки за давање согласност на решенија

5. Предлог-решенија за отстапување на одземени предмети (вкупно 21 моторни возила), со Предлог-одлуки за давање согласност и Предлог-одлука за престанување на важење на Одлука за давање согласност

6. Известување и Барање од Град Скопје за донесување уредба со законска сила со која ќе се уреди работата на градоначалниците на сите единици на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и надлежностите на советите на единиците на локалната самоуправа при постоење на вонредна состојба

7. Барање од Општина Центар за за донесување правен акт - уредба со законска сила со која поблиску ќе се уредат јавните набавки кои се директно поврзани со Коронавирус COVID-19

8. Информација за исплата на пензии за март 2020 година

9. Информација за потребата од задолжување на Република Северна Македонија кај Светската банка со заем за развојни политики за итни ситуации, како и користење на финансиска помош од Меѓународниот монетарен фонд

10. Информација за задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал

11. Предлог-уредба со законска сила за утврдување на задачи на Армијата на Република Северна Македонија за време на траењето на вонредната состојба

12. Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

13. Кадровски прашања

14. Прашања и предлози

15. Предлог-уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба

16. Информација за расположливи сместувачки капацитети за ставање на лица во државен карантин

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за извршени инспекциски надзори, за 21.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори согласно заклучок на Владата од седница одржана на 13.03.2020 година, со Извештај за 21.03.2020 – сумарен (преземени и планирани активности), како материјал за информирање.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 март 2020 година.

Истовремено, Владата заклучи наредените мерки на Владата на Република Северна Македонија во одлуките за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 донесени од Владата, примената на мерките да се измени и истите да важат до завршување на периодот на постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на нови дополнителни рестриктивни мерки и активности за справување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата заклучи:

1. Го усвои предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за наредување забрана за движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21.00 часот до 6.00 часот наредниот ден, почнувајќи од 22 март 2020 година и истата да се применува за периодот на постоење на вонредната состојба.

2. Го усвои предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за наредување забрана за движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21.00 часот до 6.00 часот наредниот ден, почнувајќи од 22 март 2020 година и истата да се применува за периодот на постоење на вонредната состојба.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

Со цел операционализирање на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија се задолжува Главниот координативен кризен штаб да го утврди посебниот режим на движење на населението и возилата, исклучоците за одредени категории на лица и институции, работата на производствени и други капацитети, начинот на организирање на меѓуградскиот и јавниот превоз и други работи поврзани со давање на услуги на населението како и останатите наведени мерки и

препораки од Предлогот од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство на нови дополнителни рестриктивни мерки и активности за справување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

## Точка 3

Владата по Решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда/одлука (вкупно 9 моторни возила), со предлог-одлуки за давање согласност на решенија, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (тмв Ман и полуприколка Кроне), во предложениот текст.
2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (тмв Ивеко), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (пмв Фолсваген Шаран), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (пмв Фолсваген Пасат), во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за одбрана (пмв Опел Фронтера), во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за одбрана (пмв Гранд Широк), во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за одбрана (пмв Сузуки Витара), во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Дирекција за заштита и спасување (пмв Пасат), во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Дирекција за заштита и спасување (пмв Пасат), во предложениот текст.

## Точка 4

Владата по Решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда/одлука (вкупно 8 моторни возила), со Предлог-одлуки за давање согласност на решенија, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Форд Фокус), во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Опел Омега), во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Сеат Алхабра), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв BMW 318), во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Голф 4), во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Центар за управување со кризи (пмв Фолсваген Пасат), во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (пмв Инфинити G31), во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица (пмв Цитроен Берлинго), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата по Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 21 моторни возила), со Предлог-одлуки за давање согласност и Предлог-одлука за престанување на важење на Одлука за давање согласност ги донесе следните заклучоци:

1.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв BMW 530), во предложениот текст.

2.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Битола (пмв Голф 4), во предложениот текст.

3.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Дихатсу Фероза), во предложениот текст.

4.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за одбрана (пмв Митсубиши Пајеро).

5.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Тетово (пмв Ланд Ровер), во предложениот текст.

6.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје (пмв Даеву Нубира), во предложениот текст.

7.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Кабинет на Претседател на Република Северна Македонија (пмв Ауди Q7), во предложениот текст.

8.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Берово (трактор Форд 3000), во предложениот текст.

9.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје (пмв Фиат Фиорино), во предложениот текст.

10.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен завод за статистика (пмв Ауди А4), во предложениот текст.

11.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот (пмв Мерцедес), во предложениот текст.

12.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Музеј на Град Скопје (пмв алфа Ромео), во предложениот текст.

13.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за одбрана (тмв комбе фолсваген).

14.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен студентски дом „Скопје“ Скопје (тмв Форд Транзит).

15.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв Нисан), во предложениот текст.

16.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија (пмв Ауди А6), во предложениот текст.

17.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство одбрана (пмв Фиат Пунто).

18.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Мерцедес), во предложениот текст.

19.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија – Струга (пмв Фолсваген Шаран), во предложениот текст.

20.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – Скопје (пмв Шкода), во предложениот текст.

21.Ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – Скопје (пмв комбе Фолсваген), во предложениот текст.

22.Ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на општина Илинден.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето и Барањето од Град Скопје за донесување уредба со законска сила со која ќе се уреди работата на градоначалниците на сите единици на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и надлежностите на советите на единиците на локалната самоуправа при постоење на вонредна состојба,

поради потребата Министерството за локална самоуправа, во соработка со Министерството за правда, да достави до Владата соодветен предлог во врска со материјалот .

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Општина Центар за донесување правен акт - уредба со законска сила со која поблиску ќе се уредат јавните набавки кои се директно поврзани со Коронавирус COVID-19.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за март 2020 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се препорачува на деловните банки да обезбедат исплата на пензии од 28 март 2020 година.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од задолжување на Република Северна Македонија кај Светска банка со заем за развојни политики за итни ситуации, како и користење на финансиска помош од Меѓународниот монетарен фонд и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии веднаш да достави барање до Светската банка за обезбедување на заем за развојни политики за итни ситуации.

2. Се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за финансии, да достави барање до Меѓународниот монетарен фонд за користење на финансиска помош од Меѓународниот монетарен фонд.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да избере конзорциум од повеќе меѓународни комерцијални банки и да ангажира правни советници за англиско право за да ја започне и спроведе постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на договор за заем со конзорциум од странски комерцијални банки во износ до 24,60 милијарди денари (400 милиони евра), со рок до доспевање до 12 месеци.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за утврдување на задачи на Армијата на Република Северна Македонија за време на траењето на вонредната состојба, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија со заклучок во текстот на Деловникот, во членовите 1, 2 и 3, ставовите кои се додаваат соодветно да се дополнат со зборовите „воена и вонредна состојба или “.

**Точка 13**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 14**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес, во предложениот текст.

Уредбата е донесена со еден глас воздржан.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со следните заклучоци:

1. Во текстот на Уредбата, во член 4 наместо „Државниот санитарен и здравствен инспекторат“ да стои „Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана – Армијата на Република Северна Македонија“.

2. Текстот на Уредбата да се усогласи со Министерството за внатрешни работи и Министерство за правда.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за расположливи сместувачки капацитети за ставање на лица во државен карантин, како материјал за информирање.

По овој повод, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и веднаш на веб страницата на Владата да објави јавен повик за прибирање на понуди за сместувачки капацитети за лица што ќе бидат ставени во државен карантин, во кој ќе бидат наведени следните критериуми: сместувачкиот капацитет да има минимум 50 легла и ќе понудат цена од најмногу 10 евра во денарска противвредност, по ден (за сместување, храна и хигиенски средства).

Јавниот повик да трае до 23 март 2020 година (понеделник) до 14:00 часот.

Согласно добиените понуди, Работната координативна група формирана од Владата со која раководи генералниот секретар на Владата, да ја информира Владата за сите расположливи сместувачки капацитети кои се ставени на располагање на државата.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |